Арх

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**

Број: ____15-192___________ Датум: __19.06.2023_____________

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | ДПТУ ХЕМОПО ДООЕЛ Скопје | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул.Архимедова , бр.5, Гази Баба – Скопје | |
| Адреса за е-пошта | hemopodooel@gmail.com | |
| Телефон | 075 234 376 | |
| Матичен број на субјектот | 7259662 | |
| Даночен број на субјектот | 4043018524010 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 300000004182870 | |
| Банка депонент | Комерцијална Банка Ад Скопје | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| проф. д-р Владимир Ивановски | 075234376 | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 19.06.2023 | Време на почеток на инспекцискиот надзор [чч.мм] | 14:00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 19.06.2023 | Време на завршување на инспекцискиот надзор (чч.мм) | 15:30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ДПТУ ХЕМОПО ДООЕЛ Скопје | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 20.41 Производство на сапуни и детергенти, препарати за чистење и полирање. | | |
| Адреса на објектот инсталацијата каде се врши надзорот | ул.Архимедова , бр.5, Гази Баба – Скопје | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец ______, _____ година;
2. налог издаден од ракод. на инспекциската служба, бр. 694/2 од 19.06.2023 година
3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. ______ од _______година;
4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број __________ од _______ година;

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. ______Хусни Тачи__________________ 3. ___________________________

2. ___________________________ 4. ___________________________

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

1. Друштво за производство на сапуни, детергенти и препарати за чистење и полирање _член 198 од Законот за животна средина Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005.... Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/2022.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник,

2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):

– ______________Вонреден надзор _________.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Владимир Ивановски | | |
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

Извршен е вонредн инспекциски надзор врз правното лице ДПТУ ХЕМОПО ДООЕЛ Скопје и утврдена е следна фактичка состојба:

ДПТУ ХЕМОПО ДООЕЛ Скопје е Друштво за производство на сапуни и детергенти, препарати за чистење и полирање. Целта на друштвото е преку научнаистражувачка работа и технолошки активности да создава нови или подобрени производи за чистење и полирање. Согласно Тековната состојба друштвото е регистрирана во Централниот регистар со шифра на дејност 20.41 Производство на сапуни и детергенти, препарати за чистење и полирање. Седиштето на друштвото се наоѓа во просториите на ПМФ Институт за хемија при Универзитетот "Св Кирил и Методиј" –Скопје, на ул. Архимедова бр.3, општина Гази Баба-Скопје. На увид приложи Договор за уредување на меѓусебните односи, правата и обрвските меѓу ПМФ Скопје и ХЕМОПО ДООЕЛ Скопје бр. 03-517/2 од 12.03.2018 година (прилог копија од договорот).

Согласно Уредбата за изменување на Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжителнот се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од област на животната средина Службен Весник на Република Македонија бр.36/2012 година, дејноста која ја обавува ДПТУ ХЕМОПО ДООЕЛ Скопје, спаѓа во Глава VI –Хемијска индустрија, Точка 6. Производство на сапуни и детергенти.

За вршење на дејноста Производство на сапуни и детергенти, препарати за чистење и полирање, правното лице нема изработено Елаборат за заштита на животната средина согласно член 24 од Законот за животната средина. Согласно гореднаведеното субјектот на надзорот ќе се задолжи со решение да изработи елаборат и истиот да го достави до УЖС при МЖСПП на разгледување и одобрување.

– врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;

2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:

- нема изработено елаборат за заштита на животната средина.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

– Нема забелешки

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | [signature] | Печат и потпис на инспекторот: | [signature] |
| Датум: | 19.06.2023 | Датум: | 19.06.2023 |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

---

Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

Арх.

ИП1 15-192
Дата:21.06.2023,
Скопје,

Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta–E s.stojkovski@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

Државниот Инспекторат за животна средина преку Хусни Тачи- Главен инспектор со службена легитимација број 06-0020, изврши вонреден инспекциски надзор во ДПТУ ХЕМОПО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Архимердова, бр. 5 општина Гази Баба - Скопје застапувано од Владимир Ивановски -Управител и со Записник Ип1 бр. 15-192 од 19.06.2023 година, утврди недостатоци и врз основа на член 200 став 1 од Закон за животна средина, ( Службен Весник на Република Македонија бр. 53/2005, 99/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 89-2022 ), член 83 став 1 од Законот за инспекциски надзор ( Сл.весник на Р.М.бр 50/2011, 102/2019) и член 33 став 1 од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 99/2022 донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ Задолжува** ДПТУ ХЕМОПО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Архимердова, бр. 5 општина Гази Баба – Скопје, застапувано од Владимир Ивановски-Управител, веднаш по приемот на ова решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот Ип1 бр. 15-192 од 19.06.2023 година и тоа:

1. Да изработи елаборат за заштита на животната средина за објект за производство на сапуни и детергенти и истиот да го достават на одобрување до надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на животната средина – Управата за животна средина при МЖСПП- Скопје;
   Рок: 90 (девеесет )дена.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

3. Доколку субјектот од точка 1 не постапи согласно со решението на државниот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, државниот инспектор за животна средина ќе поднесе соодветно барање пред надлежниот орган или суд, согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина;